# ОГЛАС

Макстил АД Скопје (www.makstil.com) е компанија со долгогодишна традиција, и оваа година правиме 25 години од нашето формирање.

Како дел од DITH, Макстил АД е еден од најголемите регионални производители на топловалани дебели лимови, со преку 950 вработени и годишен капацитет од преку 350.000 тони.

Во моментов, во рамки на нашиот тим за одржување, отворени се следните работни места:

## ДИПЛОМИРАН МАШИНСКИ ИНЖЕНЕР

**Опис на работно место:**

- Извршува активности поврзани со планирање, организирање и координација на сите активности во одржувањето во својата зона;
- Го утврдува стандардот за одржување и ги изготвува плановите за инспекција на постојките во својата зона;
- Соработува со одговорните лица од производство со цел проектирање на оперативните активности за интервенција;
- Ги утврдува потребите за резервни делови и материјали во својата зона на работа.

**Основна одговорност:**

- Следење на состојбата на постојките во својата зона;
- Навремено и квалитетно извршување на работните задачи.

**Основни квалификации на кандидатите:**

- Високо образование, 240 ЕКТС - Дипломиран машински инженер;
- Со или без работно искуство;
- Познавање на англиски јазик.

**Дополнителни квалификации на кандидатите:**

- Способност за планирање и менаџирање;
- Флексибилност, адаптибилност и способност за работа во динамично опкружување;
- Самоиницијативност и посветеност;
- Прецизност и аналитичност;
- Способност за работа под притисок и со рокови;
- Тимска работа и кооперативност.

**Што ние нудиме:**

- Динамична и позитивна работна средина;
- Можност за личен и професионален развој;
- За инженери без искуство почетна плата од 27.000 денари;
- За инженери со искуство конкурентска плата по договор во зависност од искуството и знаењето;
- Обезбедени храна и превоз, и дополнителен надомест за превоз за вработените со место на живеење надвор од покриеноста на ЈСП;

- Бонуси во зависност од перформансот.

Доколку сакате да станете дел од нашиот тим, испратете ја вашата кратка биографија по електронски пат на **kariera@makstil.com.mk**, со назнака за работното место за кое аплицирате, најдоцна до **15.05.2022 година**.

Макстил АД Скопје обезбедува еднакви можности за вработување и води посебна грижа за заштитата на лични податоци и за доверливоста на Вашата апликација.